НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (НКЕУ-МК)

13-та СЕСИЈА НА РАБОТНА ГРУПА 1: ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ (ПОГЛАВЈЕ 11)
Тема: „Руралниот развој и можностите на младите за претприемништво“
Датум: 25 Септември 2025 (Четврток)

Предлог препораки:

- **Финансиска поддршка, грантови и кредитирање** – зголемување на фондовите и видовите на поддршка специјално наменети за младите во руралните средини за започнување, продолжување и развој на земјоделски и рурални бизниси. Дополнително, треба да се воведат старт-ап фондови и микрогрантови за иновативни идеи и одржливи практики, како и поддршка за инвестиции во зелени и дигитални технологии кои ќе ја зголемат конкурентноста и отпорноста на младите бизниси. Особено треба да се поддржи поттикнувањето на идентитетот преку брендирање на културното наследство, храната и туризмот во руралните средини за да создаде чувство на припадност и нови можности за приходи.

- **Едукација и програми за обука** – континуирани обуки за модерни земјоделски практики, диверзификација на активностите, дигитални решенија и алатки, додавање вредност на производите, маркетинг и претприемништво за младите во руралните средини. Воведување на современи методи и форми на учење, како што се виртуелни фарми, симулации и дигитални претпријатија, што може значително да придонесат за практична едукација на младите земјоделци како подготовка за донесување информирани одлуки во реалниот бизнис, поттикнувајќи креативност, користење на нови технологии и примена на иновативни решенија во земјоделството и руралниот развој.

- **Мерки на политиките** – воспоставување даночни олеснувања и стимулации за младите земјоделци, креирање гарантни фондови и кредитни линии со поволни и пофлексибилни услови за млади (особено за предфинансирање при користење одредена поддршка за инвестиции, или финансирање на почетен капитал за нови бизниси). Од особена важност е поедноставувањето на законите за наследување и трансфер на земјоделско земјиште и стопанства, заедно со институционална поддршка за создавање на долгорочна стратегија за генерациска обнова во земјоделството. Од големо значење е и да се олесни пристапот на младите до државно земјиште.

- **Размена на искуства и промоција** – поттикнување на мобилноста за вмрежување на младите земјоделци преку организирање и учество на национални и регионални саеми, работилници и конференции, посети на други млади фармери во други земји, краткорочни стажирања комбинирани со менторство за претприемништво, јавни кампањи и настани за промоција на земјоделството како модерна и атрактивна професија.

- **Здружување и колективни форми на работа** – стимулирање на младите земјоделци да формираат земјоделски задруги и организации на производители, за полесен пристап до пазарот, набавки и заеднички инвестиции.

- **Застапување и учество во креирање политики** – Потребно е младите земјоделци да имаат свој глас во процесите на донесување одлуки на локално и национално ниво. За таа цел, треба да се охрабрува нивниот заеднички настап преку здруженијата и други платформи за

застапување, за младите да можат активно да влијаат врз креирањето на земјоделските и руралните политики, да го изразат својот интерес и да обезбедат мерки кои директно одговараат на нивните потреби и предизвици.